ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 08 134/9

Дата: 04.11.2010

**ДО**
**СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ**
**НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Службата за општи и заеднички работи на Влада на Република Македонија (во натамошниот текст Служба) на сметката за основниот буџет за 2009 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Службата за 2006 година и е изразено негативно мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба и мислење со резерва за билансот на приходи и расходи и законското и наменското трошење на средствата.

При ревизијата на Службата беа земени во предвид препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година, при што е констатирано дека во голем дел од истите се спроведени. Треба да се истакне дека од страна на одговорните лица во Службата вложен е голем напор за целосно спроведување на препораките поврзани со земјиштето и градежните објекти, но поради нецелосната поддршка од другите државни органи, сеуште постојат состојби кои влијаат на реалното и објективно прикажување на овие позиции во билансот на состојбата.

За финансиските извештаи на Службата за 2009 година изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба и позитивно мислење за билансот на приходи и расходи и усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Во законскиот период за поднесување на забелешки на Нацрт извештајот, од страна на одговорното лице на Службата добиени се докази за преземените мерки во делот на ангажирани лица за повремени работи, при што од

Министерството за финансии е добиена согласност и обезбедени се финансиски средства за вработување на 73 лица на неопределено време (Прилог број 1).

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на Службата на редовната сметка која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2006 година на Службата и е изразено негативно мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба и мислење со резерва за билансот на приходи и расходи и законското и наменското трошење на средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

› Васе Доневски, директор на Службата

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

доказ за тоа дали приходите и трошоците на Службата се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи е изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни

обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01/06/2010 до 10/09/2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од 2006 година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР во 2006 година. Подолу се дадени резултатите од оваа ревизија.

3.1. Интерни контроли:

- Донесени се: акт за вреднување на залихите, Упатство за евидентирање, движење на документација, контрола и плаќање и Одлука за утврдување на висината на платата на работниците во Службата за општи и заеднички работи кои немаат статус на државни службеници.

3.2. Финансиски извештаи:

- Не се констатирани исплати од тековните резерви за намени спротивни од Законот за буџетите, подобрена е контролата при плаќање на фактурите/времените ситуации, со што е избегнато авансно плаќање на добавувачите;
- Преземени се мерки во делот на регулирање на имотно правниот статус на деловно административните, резиденцијалните и репрезентативните објекти на Владата на РМ и другите органи на државата. Застојот во одделни предмети е резултат на непреземените активности од другите државни органи;
- Во тек се активностите за доставување на податоци до надлежните органи за недвижни ствари, согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи;
- Исплатата на субвенции на Македонска информативна агенција МИА и понатаму се врши преку сметката на Службата. Независно што е раскинат договорот со наведената агенција, а врз основа на заклучок на Владата на Република Македонија, овој начин на исплата на средствата продолжува, утврден врз основа на одлука од други субјекти.

3.3. Наменско и законско користење на средства:

- Набавките се спроведени согласно одредбите на Законот за јавни набавки;
- Во тек се активностите за надминување на слабостите во делот на исплатата за прекувремена работа, за регулирање на статусот на ангажирани лица по договор за дело и начинот на надоместување на пречекорените износи при користење на службените мобилни телефони.

- Воспоставена е контрола во делот на средствата за репрезентација.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Службата– предмет на ревизија.
Од страна на одговорното лице на Службата добиени се забелешки со писмо под број 16 – 850/4 од 26.10.2010 година, на точките 3.2. и 4.1.4. од Нацрт извештајот.
Со забелешките на точката 3.2. дадено е појаснување според кое исплатата на субвенции на Македонска информативна агенција МИА и понатаму се врши преку сметката на Службата врз основа на одлука од други субјекти.
Во однос на забелешките на точката 4.1.4. добиени се докази за преземените мерки во врска со констатациите наведени во Нацрт извештајот, а кои се однесуваат на ангажирани лица за повремени работи.

**4.1. Финансиски извештаи**

4.1.1. На крајот на 2009 година пописната комисија не извршила попис на побарувањата од избрани и именувани лица за невратени мобилни телефони и на обврските спрема добавувачите и не извршила усогласување со сметководствената состојба, согласно одредбите од член 19 и 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 29 и 31-в од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Нецелосно извршениот попис влијае на реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај Биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака:**

Одговорното лице на Службата да воспостави услови за целосно спроведување на пописот, согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

4.1.2. Централната комисија за попис констатирала дека со извршениот попис на крајот на 2009 година не е опфатена опремата која се користи од страна на други органи (Министерството за надворешни работи, Уставен суд на Република Македонија, Јавно обвинителство на Република Македонија, Кабинет на Претседател на Република Македонија, Министерство за финансии, Министерство за култура, Министерство за информатичко општество, Министерство за правда и други единици) во вкупен износ од 20.724 илјади денари набавна вредност, а која е целосно амортизирана. Имено, овие државни органи не постапиле согласно одредбите од член 32 од Правилникот за

сметководство на буџетите и буџетските корисници, според кој буџетите и буџетските корисници, кај кои се наоѓаат туѓи средства истите треба да се попишат, а пописните листи од извршениот попис да ги достават на субјектот, сопственик на средствата.

4.1.3. Комисијата за попис констатирала дека дел од опремата во вкупен износ од 5.296 илјади денари е застарена и вон функција. Предлогот за расходување не е поткрепен со решение од одговорното лице на Службата. Заради специфичноста на состојбата, директорот за време на ревизијата има донесено решение со кое е формирана комисија за проценка на расходуваните средства. Комисијата работи на проценката на предлогот на комисијата за попис и по завршената активност треба да даде предлог до одговорното лице за натамошно постапување.
Неусогласувањето на сметководствената состојбата со состојбата утврдена со пописот со 31 декември најмалку еднаш годишно не е согласно на одредбите од член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и одредбите од член 29 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Неусогласувањето на сметководствената со фактичката состојба на опремата предизвикува до нереални и необјективно прикажување на позициите во билансот на состојбата.

**Препорака:**

Одговорното лице да преземе мерки :

- Да спроведе попис на опремата која се наоѓа на користење кај другите државни органи, во услови кога нема добиено пописни листи од државните органи, корисници на опремата;
- Надлежната комисија за расходување на дотраена опрема, да продолжи со расчистување на предложената опрема за расход, а директорот да донесе решение за начинот на расходување.

4.1.4. Службата во текот на 2009 година исплатила средства за плати и придонеси во вкупен износ од 21.843 илјади денари за 74 ангажирани лица за повремени работи.
Лицата извршувале работни задачи предвидени со систематизацијата, но тие работни места не биле пополнети со редовно вработени. Одговорното лице на Службата поднело барање за привремено вработување до Министерството за финансии, а Министерството за финансии одобрило вработување и ангажирање на лица од времен карактер.
За ангажирање на повремени вработувања е склучен договор помеѓу Службата и Агенцијата привремени вработувања на 31.12.2008 година со кој се регулирани

међусебните односи корисникот на услугата и вршителот на услугата и времето на ангажирање на привремено ангажираните вработени во рок од 12 месеци.
Привремено вработување на лица преку Агенција за привремени вработувања, за работни места кои се систематизирани во актот за систематизација не е предвидено со одредбите од Законот за Агенција за привремени вработувања.
Со тоа е нарушен системот за вработување на неопределено време согласно Законот за државни службеници, кој обезбедува еднаквост, јавност и транспарентност при вработување на државни службеници за извршување на работите поврзани со функциите на државата, преку јавен оглас, полагање стручен испит, рангирање на кандидатите според успешноста. Ангажирањето на лицата преку Агенциите за привремени вработувања остава простор за субјективно одлучување и не обезбедува фер конкуренција.

Во законскиот период за поднесување на забелешки на Нацрт извештајот, од страна на одговорното лице на Службата добиени се докази за преземените мерки, при што од Министерството за финансии е добиена согласност и обезбедени се финансиски средства за вработување на 73 лица на неопределено време.

Вкупниот нето ефект од прифатените и спроведените корекции од страна на субјектот со извршената ревизија врз билансот на состојба е намалување на вкупната актива и пасива за 174 илјади денари поради промена на состојбата на позициите:

- Намалување на тековните средства и тековните обврски за 209 илјада денари;
- Зголемување на Постојаните средства и Државен јавен капитал за 35 илјади денари;

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, освен во точката 4.1. финансискиот извештај - биланс на состојба ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Службата на ден 31 декември 2009 година. Финансискиот извештај - биланс на приходи и расходи за 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината, се реално и објективно искажани, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Службата, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност

6.1. Според сметководствената евиденција и извршениот попис на крајот на 2009 година, Службата располага со земјиште од 927.370м$^2$ во вкупен износ од 192.052 илјади денари. За ова земјиште Службата не поседува имотни листови, односно не се обезбедени докази за сопственоста, површината и вредноста на земјиштето. Одговорните лица во Службата презеле мерки за расчистување на оваа состојба која се провлекува низа години наназад. Имено, во февруари 2010 година склучен е договор со приватно друштво за геодетски услуги, чија основна задача е изработка на проекти - елаборати за излагање на недвижен имот со кој располага Службата. Во текот на ревизијата презентирани се дел од изготвените елаборати, кои понатаму треба да бидат искористени за добивање на имотни листови за земјиштето со кое Службата располага.

6.2. По извршената тематска ревизија во 2009 година која се однесуваше на постојаните средства и извршениот попис на истите на крајот на 2008 година, одговорните лица во Службата презедоа низа активности за отстранување на констатираните неправилности поврзани со градежните објекти. Имено, формирана е Комисија која изврши увид на градежни објекти и земјиште и за истото е изготвен детален извештај со прилог фотографии. Врз основа извештајот голем дел од објектите кои првично беа дел од сметководствената евиденција на Службата, а ги користеа други државни органи се раскнижени, субјектите корисници на истите се известени да ги воведат во сметководствената евиденција. Дел од објектите е констатирано дека се руинирани, неупотребливи или воопшто не постојат и истите се отпишани. Исто така, во сметководствената евиденција на Службата се уште се евидентирани градежни објекти за кои нема веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи и истите не ги користи Службата. Нивната вкупна сегашна вредност на крајот на 2009 година изнесува 501.000 илјади денари. Оваа состојба се однесува на следните објекти:

- Градежен објект кој го користи Министерството за економија и Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, со сегашна вредност од 454.695 илјади денари;
- Дел од градежниот објект Тетекс кој го користи Судскиот совет на Република Македонија со сегашна вредност од 41.602 илјади денари. Во јуни 2010 година со одлука од Владата на Република Македонија овој објект трајно е даден на корисникот. Во август 2010 година од страна на одговорните лица во Службата доставено е известување со сите потребни податоци за градежниот објект, со цел корисникот истиот да го воведе во сметководствена евиденција;
- Објект Самоков кој претставува општинска зграда во која се сместени Месна канцеларија Самоков, Управата за матична евиденција на Министерството за

правда и Општинскиот центар за услуги на граѓаните на општината Македонски Брод со сегашна вредност од 2.157 илјади денари;

- Поранешна полициска станица во Луково со вкупна сегашна вредност од 2.546 илјади денари, во чиј поседовен лист како корисник на објектот е наведена општина Луково, а по извршениот увид овој објект истиот го користат фамилии кои се социјални загрозени;
- Бараки во кругот на единиците за локална самоуправа Карпош, Чаир и Гази Баба, барака која ја користи Бирото за Судски вештачења и бараката на улица Васил Ѓоргов, сите без сегашна вредност, за кои по извршениот увид од страна на Комисијата констатирано е дека во нив се сместени голем број корисници. Дел од овие простории за одреден надомест се издаваат под закуп.

Исто така Комисијата извршила увид и на објектите кои во сметководствената евиденција на Службата се евидентирани врз основа на:

- Спогодба за примопредавање на објекти од мај 1993 година склучена меѓу Министерството за одбрана и Службата (поранешен центар за обука во с. Раштани, с. Другово, с. Новакова Чешма - Штип, магацини во с. Владевци, работни простории на поранешниот Општински штаб за територијална одбрана Битола и зграда во кругот на Рудникот Бучим, Радовиш) со вкупна сегашна вредност од 77.591 илјади денари и
- Поседовни листови кои гласат на Службата (поранешни полициски станици во Банско, Смоларе) со вкупна сегашна вредност од 2.478 илјади денари.

За овие објекти во поранешните години недостасувале информации за нивната физичка состојба, локација и корисници на истите. Од извршениот увид на лице место, поткрепено со изјави од лица и прилог фотографии, Комисијата констатирала дека објектите се во добра состојба и истите во најголем дел се користат од други буџетски корисници или приватни правни и физички лица.

Од страна на одговорните лица во Службата добиен е одговор дека се настојува да се отстранат и овие неправилности, но од различни причини (недоразбирања меѓу институциите, бавниот процес во обезбедување на сите потребни документи за регулирање на имотно правниот статус, социјалниот статус на лицата кои ги користат објектите) ја одолжуваат нивната завршница.

Скопје, 03/11/2010 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Трансфери и донации** | | |
| Трансфери од други нивоа на власт | 751,969 | 823,104 |
| **Вкупно приходи** | **751,969** | **823,104** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 114,698 | 110,492 |
| Резерви и недефинирани расходи | 140 | 8,442 |
| Стоки и услуги | 395,481 | 612,829 |
| Субвенции и трансфери | 36,169 | 17,941 |
| **Вкупно тековни расходи** | **546,488** | **749,704** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 205,481 | 73,400 |
| **Вкупно капитални расходи** | **205,481** | **73,400** |
| **Вкупно расходи** | **751,969** | **823,104** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Парични средства и побарувања** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 608 | 1,917 |
| Побарувања од вработените | 23 | 830 |
| Побарувања од државата и други институции | 246 | 267 |
| Активни временски разграничувања | 102,794 | 32,322 |
| Залихи | 17,615 | 16,001 |
| **Вкупно парични средства и побарувања** | **121,286** | **51,337** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 471 | 0 |
| Материјални добра и природни богатства | 192,052 | 192,052 |
| Материјални средства | 3,863,815 | 3,761,386 |
| Материјални средства во подготовка | 180,082 | 307,062 |
| **Вкупно постојани средства** | **4,236,420** | **4,260,500** |
| **Вкупна актива** | **4,357,706** | **4,311,837** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 93,254 | 22,951 |
| Краткорочни финансиски обврски | 246 | 267 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 9,327 | 9,371 |
| Пасивни временски разграничувања | 180,893 | 309,808 |
| **Вкупно тековни обврски** | **283,720** | **342,397** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 4,073,986 | 3,969,440 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **4,073,986** | **3,969,440** |
| **Вкупна пасива** | **4,357,706** | **4,311,837** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 деи

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **3,953,438** | **16,001** | **3,969,440** |
| **Зголемување по основ на:** | **554,164** | **82,657** | **636,821** |
| Набавки | 363,855 | 68,569 | **432,424** |
| Вишок | - | 12,275 | **12,275** |
| Нова проценка на префрлен ситен инвентар од опрема | - | 1,813 | **1,813** |
| Ревалоризација на набавна вредност | 146,312 | - | **146,312** |
| Проценка на уметнички слики | 43,799 | - | **43,799** |
| Корекции од ДЗР прифатени од субјектот | 198 | - | **198** |
| **Намалување по основ на:** | **451,231** | **81,044** | **532,275** |
| Преотстапени основни средства на други државни органи | 278,553 | - | **278,553** |
| Расходување/кусок на капитални средства | 7,050 | 11,981 | **19,031** |
| Прекнижување од едно на друго конто | 141 | - | **141** |
| Издадени материјали и ситен инвентар во употреба | - | 69,063 | **69,063** |
| Амортизација | 136,008 | - | **136,008** |
| Ревалоризација на амортизација | 29,316 | - | **29,316** |
| Корекции од ДЗР прифатени од субјектот | 163 | - | **163** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **4,056,371** | **17,614** | **4,073,986** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**-Служба за општи и заеднички работи-**
**Бр. 16 - 850/4**
**26 10 2010 година**
**Скопје**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
26. 10. 2010
08 134/8

**До Државен завод за ревизија**
**<u>Скопје</u>**

**г-ѓа Тања Таневска – главен државен ревизор**

**Предмет: Забелешки на Нацрт извештаи**
**Врска: Ваш број 08-134/6 од 05.10.2010 година**

Службата за општи и заеднички работи во Влада на Република Македонија на Нацрт извештаите на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Службата за општи и заеднички работи за сметка на основниот буџет (637) за 2009 година ги изнесува следните забелешки.

Во осврт на ревизијата од 2006 година - спроведување на препораките во точка 3.2 финансиски извештаи, под алинеа 4 стои: Не се превземени мерки во делот на исплатата на субвенции на Македонска информативна агенција МИА, бидејќи и понатаму исплатата на овие средства се врши преку сметката на Службата.

Службата за општи и заеднички работи не се согласува со вака цитираниот осврт на ревизијата од 2006 година, од причина што Службата во 2007 година доставила информација до Владата на Република Македонија, Владата ја разгледала за што е донесен Заклучок број 19-2851/1 од 23.05.2007 година со кој се задолжува Службата да го раскине Договорот со МИА и по истото е постапено.

Доколку останувате на ставот дека Службата и понатаму врши исплата на средства како трансвер до МИА, цениме дека треба да додадете дека, таквата исплата не зависи од Слубата туку од други институции.

Во врска со наодот под точка 4.1.4 и препораките изнесени по него и тоа:

- Службата, во функција на економично, ефикасно и ефективно вршење на дејноста да постапува согласно законските прописи во делот на добивање согласност за постојано вработување на лица на работни места утврдени во систематизацијата.
- Да се почитува процедурата за вработување на државни службеници согласно постојната законска регулативе, заради остварување на целта, квалитетна, професионална и независна администрација.

Ве известуваме дека согласно Заклучоците на Владата на Република Македонија број 51-17/140 од 22.02.2010 год. и број 51-2670/1 од 05.05.2010 година и добиената Согласност од Министерство за Финансии број 02-24747/2 од 22.07.2010 година Службата, согласно Законот за државни службеници и согласно Законот за работни односи, ја заврши процедурата за вработување, така што новопримените државни службеници и другите кои немаат статус на државни службеници веќе се пријавени во Агенција за вработување.

Со надеж за успешна соработка

Прилог:
Копие од Заклучок на Влада број 19-2851/1 од 23.05.2007 год.
Допис до МИА број 08-3205/7 од 04.06.2007 год.
Копие од Заклучок на Влада број 51-17/140 од 22.02.2010 год.
Копие од Заклучок на Влада број 51-2670/1 од 05.05.2010 год.
Согласност од Министерство за финансии број 02-24747/2 од 22.07.2010 год.

**СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ**
**НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДИРЕКТОР,**
**м-р Васе Допевски**

Подготвил: Ангелина Мицевска
Контролирал: Тинка Китеска
Одобрил: Јулија Глигоровска

:

ПРИЛОГ БРОЈ 2

# ОДГОВОР

**на забелешки на констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија**

Од страна на директорот на Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија добиени се забелешки на Нацрт извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година на Службата за општи и заеднички работи, под број 16 – 850/4 од 26.10.2010 година, а заверени во Државниот завод за ревизија под број 08-134/8 од 26.10.2010 година.

Забелешките се однесуваат на точките 3.2. и 4.1.4. од Нацрт извештајот за извршена ревизија на Основниот буџет (637).
Со забелешките на точката 3.2. дадено е појаснување според кое исплатата на субвенции на Македонска информативна агенција МИА и понатаму се врши преку сметката на Службата. Независно што е раскинат договорот со наведената агенција, а врз основа на заклучок на Владата на Република Македонија, овој начин на исплата на средствата продолжува, утврден врз основа на одлука од други субјекти.
Во однос на забелешките на точката 4.1.4. од страна на одговорното лице на Службата добиени се докази за преземените мерки, при што од Министерството за финансии е добиена согласност и обезбедени се финансиски средства за вработување на 73 лица на неопределено време.